РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02 - 239/2
16.05. 2017 г.v.
СТРУГА - STRUGË

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци, член 10, став 2, ал.1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, донесен од Меѓународниот Универзитет во Струга - во понатамошниот текст – Контролор, на седницата на Управниот Одбор на Меѓународниот Универзитет во Струга одржана на ден 16.05.2017 година, Претседателот на Управниот Одбор на Меѓународниот Универзитет во Струга, донесе

# П Л А Н
# ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

Со овој План се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Контролорот ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, а кој систем е усогласен со видот, обемот и потребите на дејноста што ја обавува Контролорот.

**Член 2**

Контролорот за потребите за обавување на својата дејност доаѓа во допир со лични податоци и врши обработка на истите, заради што се донесува овој План и останатата документација за технички организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Заради спроведување на конкретни права и обврски од областа на трудовото право, согласно со Законот за Работни односи и Законот за високо образование, контролорот ги обработува следниве лични податоци на вработените:

1. Име и презиме;
2. ЕМБГ;
3. Адреса на живеење;
4. Контакт информации;
5. Број на трансакциска сметка;
6. Извод од државјанство;
7. Дипломи, уверенија за стекнато образование
8. Видео снимки за физички изглед на вработените кои влегуваат се движат и излегуваат од простории на Меѓународниот Универзитет во Струга.

Заради спроведување на конкретни права и обврски од областа на високото образование, а согласно со Законот за високо образование, контролорот ги обработува следниве лични податоци за студентите:

1. Име и презиме;
2. ЕМБГ;
3. Адреса на живеење;
4. Контакт информации;
5. Број на трансакциска сметка;
6. Извод од државјанство;
7. Дипломи, уверенија за стекнато образование

8. Видео снимки за физички изглед на студентите кои влегуваат се движат и излегуваат од простории на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 3**

Техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци кај Контролорот се класифицираат во три нивоа:

- основно ниво;
- средно ниво;

На сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво.

Технички и организациски мерки класифицирани на основно и средно ниво се применуваат на документи кои содржат матичен број на граѓанинот.

Во случај на пренос преку телекомуникациска мрежа на документи кои содржат лични податоци и ЕМБГ на граѓанинот се применуваат техничките и организациските мерки класифицирани на основно и средно, согласно мерките предвидени со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 4**

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци кај Контролорот се состои од следните механизми:

- донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- донесување на Правила за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема;
- донесување на Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
- донесување на Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- донесување на Правила за начинот на уништување на документите како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

**Член 5**

Актите предвидени во член 4 од овој План се донесуваат на начин што истите меѓусебно се надополнуваат заради остварување на највисока потребна тајност и заштита при обработката на личните податоци кај Контролорот.

**Член 6**

Сите акти цитирани во член 4 од овој План задолжително ќе бидат предочени на сите лица кои се или корисници или по друг основ имаат овластување да дојдат во допир со информацискиот систем со кој се врши обработка на личните податоци кај Контролорот. Притоа, актите цитирани во член 4 од овој План ќе имаат обврзувачко дејство за сите овие лица.

**Член 7**

Меѓународниот Универзитет во Струга како надлежена институција за донесување на актите предвидени во член 4 од овој План, односно лицата овластени од негова страна, е должен да ја следи регулативата, односно законските и подзаконските акти со кои се уредува оваа материја, при што е должен постојано да врши усогласување на актите кај Контролорот со важечките прописи.

**Член 8**

Офицерот за заштита на личните податоци во Меѓународниот Универзитет во Струга, ги врши следните периодични контроли:

1.Најмалку еднаш месечно врши контрола и изготвува извештај за извршената проверка и констатираните неправилности над:

- Авторизираниот или неавторизираниот пристап во информацискиот систем (запис за авторизација за секое пристапување, запис за секој неавторизиран пристап и запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем) и идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација;

2. Полугодишно врши контрола и изготвува извештај за извршената проверка и констатираните неправилности над:

- контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- контрола на уништување на документи, кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,
- контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,
- контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци во Меѓународниот Универзитет во Струга,
- контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку компјутерите во Меѓународниот Универзитет во Струга,
- контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
- контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,
- контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените лица во Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 8**

Планот стапува на сила и ќе се применува од денот на неговото донесување.

Претседател на Управен Одбор

____________________________

Проф. Д-р Армен Кадриу